# Службен гласник

## на Општина Струмица

Број 20 | Понеделник , 11 декември 2006 год.


**С о д р ж и н а**

**Совет на општина Струмица:**


Стр.

**167.** **Одлука** за доделување на годишна општинска награда и признание за 2006 година ……………………………………… 366

**168.** **Одлука** за изменување на измената и дополнувањето на на Буџетот на општина Струмица за 2006 година ….. 367

**169** **Одлука** за изменување и дополнување на Одлуката за утврдување на висината на комуналните такси ……… 367

**170.** **Решение** за верифицирање мандат на член на Советот на општина Струмица …………………………………………….. 367

**171.** **Решение** за разрешување на претседателот на Комисијата за статут и прописи ………………………………. 368

**171.** **Решение** за избор на претседател и член на Комисијата за статут и прописи 369

**172.** **Решение** за разрешување на член на Комисијата за култура, образование и спорт ……………………………………… 369

Стр.

**173.** **Решение** за избор на член на Комисијата за култура, образование и спорт…………………………………….. 369

**174.** **Решение** за разрешување на член на Партиципативното тело од областа на урбанизмот……………………………….. 370

**175.** **Решение** за избор на член на Партиципативното тело од областа на урбанизмот ………………………………. 370

**176.** **Заклучок** за усвојување на Програмата за подготовка и реализација на Струмичкиот карневал-2007 ............ 370

**177.** **Заклучок** за усвојување на Извештајот за реализација на Програмата за одржување на улиците во град Струмица, како и локалните патишта во Општина Струмица во зимски услови за 2005/2006 година .................................. 371

**178.** **Заклучок** за усвојување на Извештајот за реализација на Програмата за комунални дејности на Општина Струмица за 2005 година......................... 371


**Комисија за општествени дејности:**


**179.** **Одлука** за доделување награди по распишаниот конкурс за литературен состав посветен на градот Струмица ………………………………………………………………………………………… 372


---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" број 5/02 ) и член 39 став 1 алинеа 3 од Статутот на општина Струмица – пречистен текст ("Службен гласник на општина Струмица" број 5/06) Градоначалникот на општина Струмица, донесе

Р е ш е н и е
за објавување на Одлуката за доделување на Годишна општинска награда и признание за 2006 година

1. Се објавува Одлуката за доделување на Годишна општинска награда и признание за 2006 година, донесена на седницата на Советот на општина Струмица, одржана на 08.12.2006 година.

Бр. 08- 8055/2 Градоначалник
11.12.2006год. на општина Струмица
С т р у м и ц а Зоран Заев с.р.

.......................

**167.**

Врз основа на член 20 став 1 точка 41 од Статутот на општина Струмица – пречистен текст ("Сл. гласник на општина Струмица" број 5/06) и член 6 од Одлуката за востановување на Годишна општинска награда ("Сл. гласник на општина Струмица" број 9/97), Советот на општина Струмица на седницата одржана на 08.12.2006 година, донесе

**О д л у к а**
**за доделување на Годишна општинска награда и признание за 2006 година**

I

Како општествено признание за вонредно значајни остварувања од посебен интерес на Општина Струмица, се доделува Општинска годишна награда во спомен плакета и вредносен предмет на:

**1. Г-дин Васил Стамболиев**, дипл. електроинженер од Струмица за особени постигнувања и иновации во **областа на електронската дигитална технологија**

Овој наш сограѓанин, со конструирањето на дигиталното електронско броило како врвно достигнување од областа на највисоката дигитална технологија, со што стави и белег на 21 век, придонесе, афирмацијата на Струмица и Република Македонија да ги надмине границите не само на Балканот туку и на Европа, актуелизирајќи го сериозно иноваторскиот капацитет на македонскиот интелектуален потенцијал. Деновиве, неговото претпријатие "Енергетика ВДС" за своите дигитални вклопни часовници за мерење на електричната енергија доби сертификат за квалитет ИСО 9001-2000 од надлежната комисија на Европската Унија, со што производите за мерење на електричната енергија си обезбедија пласман и на пазарот на Европската Унија.

**2.Г-ѓа Весна Петкова**, претседател на Невладиното здружение "Продолжен живот" – Струмица за **особени резултати во областа на хуманитарно-социјалните дејности**

И покрај тоа што во тековната 2006 година, заложбите и активностите на г-ѓа Весна Петкова имаа мошне широкоспектрална целна појдовност која претпоставува вложување на вонредни напори и усилби, позитивностите не само што станаа евидентно општинско катадневие, туку отворија и простори и можности за посестрано ангажирање и во поголем број републички и меѓународни комисии, одбори и слично. Тежиштето на нејзината многустрана активност беше ставено врз еманципацијата, социјализаци-јата, ресоцијализацијата, здравствената и психосоцијалната помош и човековите права на граѓаните, со посебен акцент врз борбата против семејното насилство, борбата против трговија со луѓе, помагање на лицата со посебни потреби и слично.

**3.Г-дин Коте Тасевски**, примариус, специјалист по болести на забите и ендодонтот за **посебен придонес во областа на хуманоста и стоматологијата**

По многу нешта, тековнава 2006 година е карактеристична за д-р Коте Тасевски. Меѓутоа, секако, ќе остане засекогаш специфична по тоа што стана добитник на државната награда "Мајка Тереза" за особено значајни остварувања од интерес на Република Македонија во областа на хуманоста и човечката солидарност. Ова, дотолку повеќе што наградата е за прв пат востановена и нејзин прв лауреат е токму д-р Тасевски. Исто така, издаде две стручни книги и две едукативни брошури од висок едиторски ранг, реализира промотивен серијал од дваесетина емисии на ТВ А1 и МРТВ, со цел за едукација на пациентите и нивната забоздравствена заштита, и, претседаваше и презентираше свои лични трудови на 4. Меѓународен конгрес на стоматолозите на Македонија во Охрид.

**4.Г-ѓа Вера Ристова**, работник во "Грозд" АД – Струмица за **особени резултати во областа на крводарителството**

Госпоѓа Вера Ристова е долгогодишен активист и поклоник на унапредувањето на крводарителството во Општина Струмица и воопшто во Републиката, останувајќи доследна на својата хумана определба за доброволно дарување на крв, не ретко пресудна при спасувањето на човечки живот. Досега крв дарувала 81 пат, и е добитник на поголем број општински и републички награди и признанија од Црвениот крст на Македонија.

**5.Г-дин Горан Пандев**, фудбалер на ФК "Лацио" од Рим и репрезентативец на македонската фудбалска репрезентација за **врвни постигнувања во областа на фудбалската игра**

Роден струмичанец и непобитен доказ за струмичкиот расадник на фудбалски таленти. Само што, со него, со 23-годишниот Горан Пандев, не само Струмица туку воопшто и Македонија ги достигна врвните височини на фудбалското спортување. Неговиот вонреден талент е главниот "виновник" што мошне млад го напушта матичниот ФК "Беласица" преминувајќи во италијанскиот "Интер", а оттука во римскиот "Лацио" каде што е организатор и носител на играта. Благодарејќи на вонредната фудбалска техника и врвните квалитети на гол-играч, неговото име стана познато низ сите фудбалски паралели и меридијани, афирмирајќи ги со тоа и имињата на својот роден град и својата татковина. И не случајно околу него се прекршуваат интересите на најголемите европски фудбалски клубови: "Арсенал" од Лондон, Глазгов – Ренџерс, "Баерн" од Минхен, "Вердер" од Бремен и многу други меѓу кои и шпанскиот и европски првак "Барселона". Сепак, како што самиот вели, со посебно распламтен спортски дух и љубов и се предава на фудбалската игра кога настапува во репрезентативниот дрес, разбирајќи ја секоја минута од натпреварот како време и можност за нов придонес во афирмацијата на татковината.

II

Оваа Одлука влегува во сила од денот на донесувањето,а ќе се објави во "Сл. гласник на општина Струмица".

Бр. 07-8055/1 Совет на општина Струмица
08.12.2006 год. П р е т с е д а т е л,
С т р у м и ц а Зоран Ристов с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" број 5/02 ) и член 39 став 1 алинеа 3 од Статутот на општина Струмица – пречистен текст ("Службен гласник на општина Струмица" број 5/06) Градоначалникот на општина Струмица донесе

Р е ш е н и е
за објавување на Одлуката за измена на измената и дополнувањето на Буџетот на општина Струмица за 2006 година

1. Се објавува Одлуката за измена на измената и дополнувањето на Буџетот на општина Струмица за 2006 година, донесена на седницата на Советот на општина Струмица, одржана на 08.12.2006 година.

Број 08- 8027/2 Градоначалник
11.12.2006 год. на општина Струмица
С т р у м и ц а Зоран Заев с.р.

.......................

**168.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 2 од Законот за локална самоуправа (“Сл. весник на РМ” број 5/02) и член 20 точка 4 од Статутот на општина Струмица (“Сл. гласник на општина Струмица” број 5/06), Советот на општина Струмица на седницата одржана на 08.12.2006 година, донесе

**О д л у к а**
**за измена на измената и дополнувањето на Буџетот на општина Струмица за 2006 г.**

Член 1

Се врши измена на измената и дополнувањето на Буџетот на општина Струмица за 2006 година (“Сл. гласник на општина Струмица” број 19/06).

Член 2

Во Буџетот на општина Струмица за 2006 година во

I.Билансот на расходи:
- раздел 76601
- подпрограма W0
- конто 402
сметка 930
износот 2.518.944,00 денари се намалува за 74.878,00 денари и
синтетиката 402 изнесува 2.444.066 денари.

II.Биланс на расходи:
- раздел 76601
- подгрупа WO
- конто 401
- сметка 930
износот 4.913.956,00 денари се зголемува за 74.878,00 денари и синтетиката 401 изнесува 4.988.834,00 денари.

Член 3

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во “Сл. гласник на општина Струмица”.

Бр. 07-8027/1 Совет на општина Струмица
08.12.2006 год. П р е т с е д а т е л,
С т р у м и ц а Зоран Ристов с.р.

...............

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" број 5/02 ) и член 39 став 1 алинеа 3 од Статутот на општина Струмица – пречистен текст ("Службен гласник на општина Струмица" број 5/06) Градоначалникот на општина Струмица донесе

Р е ш е н и е
за објавување на Одлуката за утврдување на висината на комуналните такси

1. Се објавува Одлуката за утврдување на висината на комуналните такси, донесена на седницата на Советот на општина Струмица, одржана на 08.12.2006 година.

Бр. 08-8056/2 Градоначалник
11.12.2006 год. на општина Струмица
С т р у м и ц а Зоран Заев с.р.

......................

**169.**

Врз основа на член 2 од Законот за комуналните такси (“Сл. весник на РМ” број 61/04) и член 20 од Статутот на општина Струмица – пречистен текст (“Сл. гласник на општина Струмица” број 5/06), Советот на општина Струмица на седницаа одржана на 08.12.2006 година, донесе

**О д л у к а**
**за изменување на Одлуката за утврдување на висината на комуналните такси**

Член 1

Во Одлуката за утврдување на висината на комуналните такси (“Сл. гласник на општина Струмица” број 11/05) во членот 4 во Тарифниот број 3, бројот “10” се заменува со бројот “5”.

Член 2

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во “Сл. гласник на општина Струмица”.

Бр. 07-8056/1 Совет на општина Струмица
08.12.2006 год. П р е т с е д а т е л,
С т р у м и ц а Зоран Ристов с.р.

................

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" број 5/02 ) и член 39 став 1 алинеа 3 од Статутот на општина

Струмица – пречистен текст ("Службен гласник на општина Струмица" број 5/06) Градоначалникот на општина Струмица донесе

Р е ш е н и е
за објавување на Решението за верификација на мандатот на член на Советот на општина Струмица

1. Се објавува Решението за верификација на мандатот на член на Советот на општина Струмица, донесено на седницата на Советот на општина Струмица, одржана на 08.12.2006 година.

Бр. 08-8048/2 Градоначалник
11.12.2006 год. на општина Струмица
С т р у м и ц а Зоран Заев с.р.

..................

**170.**

Врз основа на член 20 од Статутот на општина Струмица – пречистен текст (“Сл. гласник на општина Струмица” број 5/06) и член 6 од Деловникот на општина Струмица (“Сл. гласник на општина Струмица” број 2/06), Советот на општина Струмица на седницата одржана на 08.12.2006 година, донесе

**Р е ш е н и е**
**за верификација на мандатот на член на Советот на општина Струмица**

1. Се верифицира мандатот на членот на Советот на општина Струмица

- Алекса Трајковски за остатокот од мандатот на претходно избраниот член на Советот на општината.

2. Оваа Одлука влегува во сила од денот на обавувањето, а ќе се објави во “Сл. гласник на општина Струмица”.

Број 07-8048/1 Совет на општина Струмица
08.12.2006 год. П р е т с е д а т е л,
С т р у м и ц а Зоран Ристов с.р.

………….

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" број 5/02 ) и член 39 став 1 алинеа 3 од Статутот на општина Струмица – пречистен текст ("Службен гласник на општина Струмица" број 5/06) Градоначалникот на општина Струмица донесе

Р е ш е н и е
за објавување на Решението за разрешување на претседател на Комисијата за статут и прописи

1. Се објавува Решението за разрешување на претседателот на Комисијата за статут и прописи, донесено на седницата на Советот на општина Струмица, одржана на 08.12.2006 година.

Бр. 08-8048/2 Градоначалник
11.12.2006 год. на општина Струмица
С т р у м и ц а Зоран Заев с.р.

.............................

**171.**

Врз основа на член 20 став 1 точка 39 од Статутот на општина Струмица – пречистен текст (“Сл. гласник на општина Струмица” број 5/06), Советот на општина Струмица на седницата одржана на 08.12.2006 година, донесе

**Р е ш е н и е**
**за разрешување на претседателот на Комисијата за статут и прописи**

1. Георге Николов се разрешува од функцијата претседател на Комисијата за статут и прописи, поради престанок на мандатот член на Советот на општина Струмица.

2. Ова Решение влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во “Сл. гласник на општина Струмица”.

Бр. 07-8048/1 Совет на општина Струмица
08.12.2006 год. П р е т с е д а т е л,
С т р у м и ц а Зоран Ристов с.р.

…………………..

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" број 5/02 ) и член 39 став 1 алинеа 3 од Статутот на општина Струмица – пречистен текст ("Службен гласник на општина Струмица" број 5/06) Градоначалникот на општина Струмица, донесе

Р е ш е н и е
за објавување на Решението за избор на претседател на Комисијата за статут и прописи

1. Се објавува Решението за избор на претседател на Комисијата за статут и прописи, донесено на седницата на Советот на општина Струмица, одржана на 08.12.2006 година.

Бр. 08-8050/2 Градоначалник
11.12.2006 год. на општина Струмица
С т р у м и ц а Зоран Заев с.р.

-----------------------

**172.**

Врз основа на член 20 став 1 точка 39 од Статутот на општина Струмица – пречистен текст (“Сл. гласник на општина Струмица” број 5/06), Советот на општина Струмица на седницата одржана на 08.12.2006 година, донесе

**Р е ш е н и е**
**за избор на петседател и член на Комисијата за статут и прописи**

1. Членот на Комисијата за статут и прописи Драги Црнгаров се избира за претседател на Комисијата за статут и прописи.

2. Членот на Советот на општина Струмица Алекса Трајковски се избира за член на Комисијата за статут и прописи.

3. Ова Решение влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во "Сл. гласник на општина Струмица".

Бр 07-8050/1 Совет на општина Струмица
08.12.2006 год. П р е т с е д а т е л,
С т р у м и ц а Зоран Ристов с.р.

……………….

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" број 5/02 ) и член 39 став 1 алинеа 3 од Статутот на општина Струмица – пречистен текст ("Службен гласник на општина Струмица" број 5/06) Градоначалникот на општина Струмица донесе

Р е ш е н и е
за објавување на Решението за разрешување на член во Комисијата за култура, образование и спорт

1. Се објавува Решението за разрешување на член во Комисијата за култура, образование и спорт, донесено на седницата на Советот на општина Струмица, одржана на 08.12.2006 година.

Бр. 08-8051/2 Градоначалник
11.12.2006год. на општина Струмица
С т р у м и ц а Зоран Заев с.р.

....................................

**173.**

Врз основа на член 20 став 1 точка 39 од Статутот на општина Струмица – пречистен текст ("Сл. гласник на општина Струмица" број 5/06), Советот на општина Струмица на седницата одржана на 08.12.2006 година, донесе

**Р е ш е н и е**
**за разрешување на член во Комисијата за култура, образование и спорт**

1. Георге Николов се разрешува од функцијата член во Комисијата за култура, образование и спорт, поради престанок на мандатот член на Советот на општина Струмица.

2. Ова Решение влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во "Сл. гласник на општина Струмица".

Бр. 07-8051/1 Совет на општина Струмица
08.12.2006 год. П р е т с е д а т е л,
С т р у м и ц а Зоран Ристов с.р.

……………….

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" број 5/02 ) и член 39 став 1 алинеа 3 од Статутот на општина Струмица – пречистен текст ("Службен гласник на општина Струмица" број 5/06) Градоначалникот на општина Струмица донесе

Р е ш е н и е
за објавување на Решението за избор на член во Комисијата за култура, образование и спорт

1. Се објавува Решението за избор на член во Комисијата за култура, образование и спорт, донесено на седницата на Советот на општина Струмица, одржана на 08.12.2006 година.

Бр. 08-8052/2 Градоначалник
11.12.2006год. на општина Струмица
С т р у м и ц а Зоран Заев с.р.

...................

**174.**

Врз основа на член 20 став 1 точка 39 од Статутот на општина Струмица – пречистен текст ("Сл. гласник на општина Струмица" број 5/06), Советот на општина Струмица на седницата одржана на 08.12.2006 година, донесе

**Р е ш е н и е**
**за избор на член во Комисијата за култура,образование и спорт**

1. За член во Комисијата за култура, образование и спорт се избира Алекса Трајковски, член на Советот на општина Струмица.

2. Ова Решение влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во "Сл. гласник на општина Струмица".

Бр. 07-8052/2 Совет на општина Струмица
08.12.2006 год. П р е т с е д а т е л,
С т р у м и ц а Зоран Ристов с.р.

…………………….

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" број 5/02 ) и член 39 став 1 алинеа 3 од Статутот на општина Струмица – пречистен текст ("Службен гласник на општина Струмица" број 5/06) Градоначалникот на општина Струмица донесе

Р е ш е н и е
за објавување на Решението за разрешување на член во Партиципативното тело од областа на урбанизмот

1. Се објавува Решението за разре-

шување на член во Партиципативното тело од областа на урбанизмот, донесено на седницата на Советот на општина Струмица, одржана на 08.12.2006 година.

Бр. 08-8053/2 Градоначалник
11.12.2006год. на општина Струмица
С т р у м и ц а Зоран Заев с.р.

......................

**175.**

Врз основа на член 20 став 1 точка 39 од Статутот на општина Струмица – пречистен текст (“Сл. гласник на општина Струмица” број 5/06), Советот на општина Струмица на седницата одржана на 08.12.2006 година, донесе

**Р е ш е н и е**
**за разрешување на член во Партиципативното тело од областа на урбанизмот**

1. Георге Николов се разрешува од функцијата член на Партиципатиното тело од областа на урбанизмот, поради престанок на мандатот член на Советот на општина Струмица.

2. Ова Решение влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во “Сл. гласник на општина Струмица”.

Бр. 07-8053/1 Совет на општина Струмица
08.12.2006 год. П р е т с е д а т е л,
С т р у м и ц а Зоран Ристов с.р

……………………..

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" број 5/02 ) и член 39 став 1 алинеа 3 од Статутот на општина Струмица – пречистен текст ("Службен гласник на општина Струмица" број 5/06) Градоначалникот на општина Струмица донесе

Р е ш е н и е
за објавување на Решението за избор на член во Партиципативното тело од областа на урбанизмот

1. Се објавува Решението за избор на член во Партиципативното тело од областа на урбанизмот, донесено на седницата на Советот на општина Струмица, одржана на 08.12.2006 година.

Бр. 08-8054/2 Градоначалник
11.12.2006год. на општина Струмица
С т р у м и ц а Зоран Заев с.р.

..................

**176**.

Врз основа на член 20 став 1 точка 39 од Статутот на општина Струмица – пречистен текст (“Сл. гласник на општина Струмица” број 5/06), Советот на општина Струмица на седницата одржана на 08.12.2006 година, донесе

**Р е ш е н и е**
**за избор на член во Партиципативното тело од областа на урбанизмот**

1. За член во Партиципативното тело од областа на урбанизмот се избира Алекса Трајковски, член на Советот на општина Струмица.

2. Ова Решение влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во “Сл. гласник на општина Струмица”.

Бр. 07-8054/1 Совет на општина Струмица
08.12.2006 год. П р е т с е д а т е л,
С т р у м и ц а Зоран Ристов с.р.

……………….

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" број 5/02 ) и член 39 став 1 алинеа 3 од Статутот на општина Струмица – пречистен текст ("Службен гласник на општина Струмица" број 5/06) Градоначалникот на општина Струмица донесе

Р е ш е н и е
за објавување на Заклучокот за усвојување на Програмата за подготовка за реализација на Струмички карненевал 2007 година

1. Се објавува Заклучокот за усвојување на Програмата за подготовка за реализација на Струмички карневал 2007 година, донесен на седницата на Советот на општина Струмица, одржана на 08.12.2006 година.

Бр. 08-8057/2 Градоначалник
11.12.2006год. на општина Струмица
С т р у м и ц а Зоран Заев с.р.

...................

**177.**

Врз основа на член 20 од Статутот на општина Струмица – пречистен текст (“Сл. гласник на општина Струмица” број 5/06), Советот на општина Струмица на седницата одржана на 08.12.2006 година, донесе

**З а к л у ч о к**
**за усвојување на Програмата за подготовка и реализација на Струмичкиот каренвал 2007 година**

1. Се усвојува Програмата за подготовка и реализација на Струмичкиот карневал 2007 година.

2. Организациониот одбор на Струмичкиот карневал покрај предвиденото да ја реализира и следната активност:

- доделување наград за најдобро уреден излог во карневалски стил, со што во многу ќе се придонесе за украсување на градот и збогатување на карневалскиот амбиент.

3. Овој заклучок влегува во сила по објавувањето во “Сл. гласник на општина Струмица”.

Бр. 07-8057/1 Совет на општина Струмица
08.12.2006 год. П р е т с е д а т е л,
С т р у м и ц а Зоран Ристов с.р.

………………

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" број 5/02 ) и член 39 став 1 алинеа 3 од Статутот на општина Струмица – пречистен текст ("Службен гласник на општина Струмица" број 5/06) Градоначалникот на општина Струмица донесе

Р е ш е н и е
за објавување на Заклучокот за усвојување на Извештајот за реализација на Програмата за одржување на улици во град Струмица, како и локалните патишта во општина Струмица во зимски услови за 2005/06 год.

1. Се објавува Заклучокот за усвојување на Извештајот за реализација на Програмата за одржување на улици во град Струмица, како и локалните патишта во општина Струмица во зимски услови за 2005/06 година, донесен на седницата на Советот на општина Струмица, одржана на 08.12.2006 година.

Бр. 08-8058/2 Градоначалник
11.12.2006год. на општина Струмица
С т р у м и ц а Зоран Заев с.р.

....................

**178.**

Врз основа на член 20 став 1 точка 39 од Статутот на општина Струмица – пречистен текст (“Сл. гласник на општина Струмица” број 5/06), Советот на општина Струмица на седницата одржана на 08.12.2006 година, донесе

**З а к л у ч о к**
**за усвојување на Извештајот за реализација на Програмата за одржување на улици во град Струмица, како и локалните патишта во општина Струмица во зимски услови за 2005/06 година**

1. Се усвојува Извештајот за реализација на Програмата за одржување на улици во град Струмица, како и локалните патишта во општина Струмица во зимски услови за 2005/06 година.

2. Овој заклучок влегува во сила по објавувањето во “Сл. гласник на општина Струмица”.

Бр. 07-8058/1 Совет на општина Струмица
08.12.2006 год. П р е т с е д а т е л,
С т р у м и ц а Зоран Ристов с.р.

……………..

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" број 5/02 ) и член 39 став 1 алинеа 3 од Статутот на општина Струмица – пречистен текст ("Службен гласник на општина Струмица" број 5/06) Градоначалникот на општина Струмица донесе

Р е ш е н и е
за објавување на Заклучокот за усвојување на Извештајот за реализација на Програмата за комунални дејности на општина Струмица за 2005 година

1. Се објавува Заклучокот за усвојување на Извештајот за реализација на Програмата за комунални дејности на општина Струмица за 2005 година, донесен на седницата на Советот на општина Струмица, одржана на 08.12.2006 година.

Бр. 08-8059/2 Градоначалник
11.12.2006год. на општина Струмица
С т р у м и ц а Зоран Заев с.р.

.......................

**179.**

Врз основа на член 20 став 1 точка 39 од Статутот на општина Струмица – пречистен текст (“Сл. гласник на општина Струмица” број 5/06), Советот на општина Струмица на седницата одржана на 08.12.2006 година, донесе

**З а к л у ч о к**
**за усвојување на Извештајот за реализација на Програмата за комунални дејности на општина Струмица за 2005 г.**

1. Се усвојува Извештајот за реализација на Програмата за комунални дејности на општина Струмица за 2005 година.

2. Извештајот за реализација на Програмата за 2006 година да се достави за разгледување на Советот на општина Струмица пред или заедно со Завршната сметка на Буџетот на општина Струмица за 2006 година.

3.Овој заклучок влегува во сила по објавувањето во “Сл. гласник на општина Струмица”.

Бр. 07-8059/1 Совет на општина Струмица
08.12.2006 год. П р е т с е д а т е л,
С т р у м и ц а Зоран Ристов с.р.

……………….

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" број 5/02 ) и член 39 став 1 алинеа 3 од Статутот на општина Струмица – пречистен текст ("Службен гласник на општина Струмица" број 5/06) Градоначалникот на општина Струмица донесе

Р е ш е н и е
за објавување на Одлуката за доделување награди по распишаниот конкурс за литературен состав посветен на градот Струмица

1. Се објавува Одлуката за доделување награди по распишаниот конкурс за литературен состав посветен на градот Струмица донесена на седницата на Комисијата за општествени дејности при Советот на општина Струмица, одржана на 05.12.2006 година.

Бр. 08-8013/4 Градоначалник
11.12.2006год. на општина Струмица
С т р у м и ц а Зоран Заев с.р

................

Комисијата за општествени дејности, при Советот на општина Струмица, на седницата одржана на 05 декември 2006 година, врз основа на предлогот од Жири-комисијата за прочит, прегледување и оценување на литературните состави пристигнати на распишаниот конкурс за литературен состав – песна, посветена на Струмица по повод Денот на заштитниците на Струмица - Светите 15 Тивериополски маченици, донесе

**О д л у к а**
**за доделување на награди по распишаниот награден конкурс за литературен состав, посветен на градот Струмица**

I

Во категоријата – ученици во основните училишта се наградуваат литературните состави на:

1.Софија Галева - ученичка во V одделение во ОУ “Маршал Тито” од Муртино, со прва награда

2.Виолета Рендевска - ученичка во VIII одделение во ОУ “Сандо Масев” од Струмица, со втора награда

3.Зорица Тошева - ученичка во V одделение во ОУ “Маршал Тито” од Муртино, со втора награда;

4. Ивана Тушева - ученичка во VIII одделение во ОУ “Никола Вапцаров” Струмица, со трета награда;

5.Љубица Ангелова - ученичка во V одделение во ОУ “Никола Вапцаров” Струмица, со трета награда; и

6. Марија Филева - ученичка во VIII одделение во ОУ “Видое Подгорец” Струмица, со трета награда.

II

Во категоријата – ученици од средните училишта се наградуваат литературните состави на :

1. Тања Кармзова – ученичка во III клас во СОУ “Димитар Влахов” – Струмица, со прва награда;

2. Боркица Трајковска - ученичка во II клас во СОУ “Јане Сандански” – Струмица, со втора награда;

3. Милица Георгиева - ученичка во III клас во СОУ “Никола Карев” – Струмица, со трета награда; и

4.Зорица Михајлова - ученичка во II клас во СОУ “Димитар Влахов” – Струмица, со трета награда.

III

Во категоријата “возрасни автори” се наградуваат литературните состави на:

1. Наташа Василевска -Трајчевска-новинар од Струмица, со прва награда;
2. Вања Изова Велева - поетеса од Струмица, со втора награда;
3. Иван Василевски – поет и новинар од Струмица, со трета награда; и
4. Ристо Цасконое - професор од Струмица, со трета награда.

IV

Наградите во категориите I и II се материјални, во книги, а наградите во категоријата III, се парични и тоа:

1. Прва награда ……..6.000,оо денари;
2. Втора награда …... 4.000,оо денари; и
3. Трета награда по .. 2.000,00 денари.

V

Наградите да се доделат на Свечената седница на Советот на општина Струмица, што по повод Денот на заштитниците на Струмица - Светите 15 Тивериополски маченици, ќе се одржи на ден 11.12.2006 година.

VI

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Сл. гласник на општина Струмица.

Бр. 26-8013/3 Комисија за општествени дејности
08.12.2006 г. Претседател,
С т р у м и ц а Слободанка Триводалиева с.р.